# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА АД ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

**ВОВЕД**

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, својата дејност во својство на правно лице ја отпочна од 04.Јуни 2011 година.

Седиштето на претпријатието е на ул. Стале Попов бр. 9 во Скопје.

Правната основа за воспоставување и функционирање на друштвото е врз основа на Законот за трансформација на Јавното претпријатие за стопаниаување со станбен и деловен продстор на РМ ( Сл. Весник на РМ бр. 105/09) и Законот за трговски друштва.

Со планот за поделба на ЈПССДП на РМ врз основа на кој АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост е запишано во Централниот регистар на РМ , Друштвото ги превзеде правата, обврските, опремата и вработените и ја отпочна својата работа.

**ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО**

Органи на АД за стопаниосување со деловен простор во државна сопственост се :

- Собрание
- Одбор на директори

Правата и обврските на Собранието на Друштвото ги врши Владата на РМ . Собранието одлучува само за прашања определени со Закон и со статутот на Друштвото а особено за :

- Донесување на измени на статутот на Друштвото
- Одобрување на Годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работењето во предходната година и одлучување за распределба на добивката
- Избор и отповикување на членови на одборот на Директори
- Одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на одборот на Директори
- Одобрување на менаџерскиот договор што се склучува помеѓу Друштвото и член на Одборот на Директори
- Промени на правата врзани за одделни родови и класи на акции
- Зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото
- Издавање на акции и хартии од вредност
- Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и на финансиските извештаи

- Преобразба на друштвото во друга форма на Друштвото, како и за статусните промени на Друштвото.
- Одлучува за покривање на загубите на Друштвото и
- Престанување на друштвото

**УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТОТО**

Управувањето со Друштвото е организирано според едностепен систем при што, орган на управување на Друштвото е Одборот на Директори.
Одборот на Директори работи во состав од пет членови :

- Шеваљ Цеку – извршен член
- Ристо Новачевски- неизвршен член (Претседател на Одбор)
- Исљам Ибраими- неизвршен член
- Жаклина Трајковска- неизвршен независен член
- Диме Јовановски- неизвршен член

Членовите на Одборот на Директори се избираат за време од четири години, со право на реизбор.

Извршниот член на Одборот на директори го носи називот Генерален Директор.

Одборот на Директори, од редот на своите неизвршни членови, избира председател на Одборот.

Одборот на Директори во рамките на својата надлежност, ги врши следните работи :

- ја утврдува деловната политика
- донесува програма за работа и развоен план на Друштвото, годишен оперативен план за работа, годишен финансиски план, годишен план за јавни набавки, програма за инвестициони вложувања
- поднесува тримесечни извештаикои содржат показатели за финансиското работењето на Друштвото до Собранието на Друштвото
- Го усвојува Елаборатот за попис на средствата , побарувањата и обврски на Друштвото
- Усвојува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото по истекот на деловната година
- Одлучува за расходување и оттуѓување на основни срредства
- Поднесува предлог за изменување и дополнување на Статутот
- Одобрува склучување на договори од поголемо значење и со подолг период на траење кои не се опфатени со планот за Јавни набавки
- Донесува Одлука за употреба на посебната резевра заради покривање на загбата на Друштвото
- Одлучува за вршење на отпис на средствата , побарувањата и обврските
- Одлучува за склучување на Колективниот договор
- Одлучува за внатрешна организација и систематизација за работни места
- Одлучува за назначување на лица со посебни овластувања и одговорности ( раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на Друштвото)
- Ги донесува општите акти на Друштвото

- На барање на Собранието на Друштвото, подготвува општи акти и одлуки чие донесување е во негова надлежност
- Одлучува за разрешување на работници со посебни овластувања и одговорности (раководни лица)
- Се грижи и презема потребни дејствија за исполнување на со Закон пропишаните обврски на Друштвото
- Формира комисии од редот на членовте на Одборот на директори и од други лица
- Одлучува за издавање под закуп на основните средства на Друштвото
- Одлучува за барање од надлежен Орган и институции
- Ги определува овластените потписници на Друштвото
- Ги утврдува цените на услугите на Друштвото со писмена Одлука
- Врши и други работи кои не се во надлежност на Друштвото
- Одлучува во Втор степен по приговори на работници за правата, обврските и одговорностите на работниците од работниот однос
- Одлучува за технолошки вишок, економски, организациони и слични промени и за отказ на Договорот за вработување од деловни прчини
- Одлучува и за други работи кои со Закон, Статутот, Колективниот договор и други акти ставени во негова надлежност

Генералниот Директор го води работењето на Друштвото, го претставува и застапува во односите со трети лица, и може да даде овластување на други лица за застапување на Друштвото на начин утврден со Закон.

Генералниот Директор ги извршува сите активности предвидени со Статутот на Друштвото.

Неизвршните членови вршат надзор над работењето од страна на извршниот член, имаат право да вршат увид и проверка во книгите и документите на Друштвото

Во извештајниот период за 2014 год. функцијата Генерален Директор на Друштвото ја извршува Шеваљ Цеку, кој е назначен врз основа на Одлука за избор на извршен член бр. 02-1110/3 од 03.10.2011г.

Во текот на 2014 година исплатениот надомест на извршните и неизвршните членови на Одборот на Директори на Друштвото е искажан во следната табела:

| **Ред бр.** | **Име и Презиме** | **Годишен паушал** | **Годишна нето плата** | **Годишен надомест за одвоен живот** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ристо Новачевски | 84.000 | / | / | 84.000 |
| 2 | Исљам Ибраими | 64.341 | | | 64.341 |
| 3 | Жаклина Трајковска | 70.785 | | | 70.785 |
| 4 | Диме Јовановски | 70.785 | | | 70.785 |
| 4 | Шеваљ Цеку | / | 771.749 | 76.452 | 848.201 |
| | **Вкупни** | **290.911** | **771.749** | **76.452** | **1.139.112** |

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

За внатрешната организација на Друштвото одлучува Одборот на Директори. Заради вршење на работите од дејноста во Друштвото се организира : Дирекција и 2-Регионални центри (Регионален Центар-Скопје и Регионален Центар-Кичево)

Друштвото работите од својот делокруг ги врши како единствена организационо – правна целина, а заради обезбедување на потребната координација во остварувањето на работите во дејностите на ниво на Друштво како целина, се организираат стручни служби во секторите.

Органи на Друштвото се Одборот на Директори и Директорот на Друштвото

## ОСНОВНА ДЕЈНОСТ СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВНИ ЕДИНИЦИ

Дејноста на Друштвото е стопанисување со деловниот простор во државна сопственост , а особено следните работи **:**

- Стопанисување со деловен простор во државна сопственост
- Инвестиционо и тековно одржување на деловниот простор во државна сопственост
- Подобрување на условите за користење на деловните простории во државна сопственост
- Утврдување на висината на закупот, односно на склучување на Договори за закуп на деловен простор
- Водење единствена евиденција на деловниот простор во државна сопственост со кој стопанисува
- Продажба на деловен простор во државна сопственост и други работи

Во остварувањето на работите од дејноста Друштвото ги врши работите утврдени во годишната програма за тековно инвестиционо одржување на деловниот простор во државна сопственост

Бројот на деловните единици и нивната површина искажан според податоците од Работните единици , се искажуваат во Табелата што следува:

| Подружница | Вид на деловен простор | | | | | | Етажен катастар | | | Кондициона состојба | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно локали | Вкупно гаражи | Вкупно маг. Прос | Вкупно пар. мес. | Вкупно подруми | Вкупно | Има имот. лис | Нема имот. лис | Вкупно | Вкупно добра | делумно добра | Вкупно руинирана | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| Битола | 154 | 124 | 0 | 0 | 0 | 278 | 157 | 121 | 278 | 246 | 14 | 12 | 6 |
| Охрид | 85 | 6 | 6 | 0 | 7 | 104 | 20 | 84 | 104 | 75 | 17 | 4 | 8 |
| Кичево | 62 | 0 | 7 | 0 | 0 | 69 | 13 | 56 | 69 | 69 | 0 | 0 | 0 |
| Скопје | 229 | 10 | 16 | 4 | 58 | 317 | 256 | 61 | 317 | 268 | 25 | 11 | 13 |
| Велес | 62 | 0 | 0 | 0 | 0 | 62 | 62 | 0 | 62 | 37 | 5 | 20 | 0 |
| Струмица | 62 | 0 | 5 | 0 | 4 | 71 | 57 | 14 | 71 | 32 | 20 | 12 | 7 |
| Кавадарци | 59 | 4 | 1 | 0 | 2 | 66 | 61 | 5 | 66 | 42 | 17 | 4 | 3 |
| Штип | 68 | 21 | 5 | 0 | 8 | 102 | 101 | 1 | 102 | 96 | 4 | 2 | 0 |
| Куман. | 69 | 33 | 0 | 0 | 2 | 104 | 92 | 12 | 104 | 88 | 10 | 6 | 0 |
| Тетово | 50 | 0 | 1 | 0 | 1 | 52 | 41 | 11 | 52 | 47 | 4 | 1 | 0 |
| Кочани | 25 | 8 | 1 | 0 | 8 | 42 | 42 | 0 | 42 | 31 | 8 | 2 | 1 |
| Прилеп | 71 | 0 | 0 | 0 | 8 | 79 | 69 | 10 | 79 | 39 | 22 | 6 | 12 |
| **Вкупно** | **996** | **206** | **42** | **4** | **98** | **1346** | **971** | **375** | **1346** | **1070** | **146** | **80** | **50** |

## СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

Во текот на 2014 година во делот кој што се однесува на стопанисувањето со деловен простор, се забележува тренд на намалување на паричниот прилив по основ на наплатена закупнина за стопанисување на деловен простор, што се должи на лошите бизнис проценки од страна на закупците, како и поради нередовно измирување на обврските по основ на закупнина, при што во Скопје вратени се во владение на Друштвото 20 деловни простории , во Тетово 1 деловен простор, во Велес 4 деловни простории, во Куманово 2 деловни простории, во Штип 5 деловни простории, во Прилеп 6 деловни простории, во Кавадарци 2 деловни простории, во Битола 14 деловни простории, во Охрид 5 деловни простории и во Кичево 2 деловни простории, што значи дека во тековната 2014 година поради погоре наведеното во владение се земени вкупно 61простор.

Низдавањето на деловен простор кој што е владение на Друштвото во тековната 2014 година се должи на неколку компоненти, и тоа:

**Првата и најважна причина** поради која се чуствува стагнација во издавањето на деловниот простор на ниво на цела Република Македонија се должи на донесувањето на новиот Закон за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија објавен во

Службен весник на Република Македонија во Јануари 2012 година, со кој е предвидено издавањето на деловниот простор согласно член 5 од Законот да се врши исклучиво преку електронско јавно наддавање, што значи дека со донесувањето на погоренаведениот Закон, престанаа да важат одредбите од Правилникот бр.02-958/2 за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловниот простор со кој стопанисува А.Д. за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, усвоен од страна на Одборот на директори на Друштвото од 06.09.2011 година, иако издавањето на деловниот простор беше регулиран преку постапка за усно јавно наддавање.

Со стапувањето на сила на новиот Закон, за кој што од страна на Министерствот за транспорт и врски, како негов предлагач, воопшто не беше побарана стручна помош ниту пак мислење од А.Д. за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, се дојде до ситуација во која не може да се издава постоечкиот деловен простор по пат на усмено јавно наддавање, а бидејки во Министерството за транспорт и врски не ни одобри огласување на слободниот деловен простор, АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост не беше во можност да реализира ниту една постапка за издавање на деловниот простор под закуп.

Доколку во завршните одредби од погоре наведениот Закон за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија, предлагачот предвидел одредба со која, би било дозволено до имплементацијата на новиот софтвер во Министерството за транспорт и врски, издавањето на деловниот простор да се врши согласно Актите на Друштвото, и ако притоа се има предвид дека издавањето на деловниот простор, се вршеше максимално транспарентно и тоа по пат на јавно усно наддавање, немаше да има прекин во континуитетот на издавањето на деловниот простор, а со самото тоа и негативни економски импликации.

Во меѓувреме, со одлука на Владата бр.42-149/1 од 27.01.2014 година за продажба на деловниот простор со кој стопанисува Друштвото.

Од наведените причини, евидентна е состојбата за издадени-неиздадени деловни простории. Па така: во Скопје 97 деловни простории се издадени под закуп додека 222 не се издадени, во Тетово 33 деловни простории се издадени под закуп, додека пак 19 се неиздадени, во Велес 36 деловни простории се издадени под закуп, додека 26 деловни простории не се издадени под закуп, во Куманово 70 деловни простории се издадени под закуп, додека 34 деловни простории не се издадени под закуп, во Штип 48 деловни простории се издадени под закуп, додека 53 не се издадени под закуп, во Кочани 10 деловни простории се издадени под закуп, додека 32 не се издадени под закуп, во Струмица 34 деловни простории се издадени под закуп, додека 37 деловни простории не се издадени под закуп, во Прилеп 43 деловни простории се издадени под закуп, додека 36 не се издадени под закуп, во Кавадарци 17 деловни простории се издадени под закуп, додека 49 не се издадени под закуп, во Битола 188 деловни простории се издадени под закуп, додека 90 деловни простории не се издадени под закуп, во Охрид 56 деловни простории се издадени под закуп, додека 48 деловни простории не се издени под закуп и во Кичево 38 деловен простор е издаден под закуп, додека 31 не се издадени под закуп.

Во контекст на тоа, треба да се истакне и фактот дека, при поделбата на некогашното Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор во државна сопственост-Скопје на две Акционерски друштва, на А.Д. за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, на стопанисување и е доделен и голем број неадекватен простор, кој иако е наречен деловен простор, неможе да се класифицира како таков.

Така во Скопје од вкупниот број наведени деловни простории има 1 подземен магацин со вкупна површина од 2.011 м2, 75 подруми со вкупна површина од 804 м2 како и 9 гаражи со вкупна површина од 498 м2, додека во остатанатите работни единици состојбата е следна: во Струмица има 5 подруми, во Куманово има 5 подруми, во Штип 8 подруми, во Битола 123 гаражи, во Кавадарци 4 гаражи, во Прилеп 8 гаражи и 1 котларница, како и во Охрид 1 магацин, 2 гаражи и 8 деловни простории-карабини.

Значи, од сето погоре наведено може да се констатира дека основиот проблем во намалувањето на паричниот прилив на име закупнина се должи на предходно искажаните проблеми, при што се надеваме дека во тековната 2015 година, ке дојде до поправање на негативниот тренд поврзан со стопанисувањето со деловниот простор, бидејки е  завршена проценката на почетната цена по м2, за издавање на деловен простор од страна на овластен Проценител, се создаваат објективни услови за месечно огласување на слободен деловен простор наменет за издавање.

Инаку, за За овие  61 деловена просторија која што во измината година се земени во владение, постои интерес од страна на разни правни субјекти за нивно земање под закуп, и истите  можат да бидат предмет на огласување , бидејќи   заврши  проценката од страна на овластен проценител

**ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА**

Во текот на 2014 година , во Друштвото се остварени следните приходити расходи, кои по видови се прикажани во следниот преглед:

1. **Приходи од работењето**

| Р. бр. | Вид на приход | Остварено 2014 | %на учество во вк.приход |
|---|---|---|---|
| 1 | Фактурир.закупнина | 81.628.560 | 63,22 |
| 2 | Однапред платена закупнина | 309.364 | 0,24 |
| 3. | Наплатени отпишани побар. | 4.930.192 | 3,81 |
| 4. | Наплатено по спогодби | 1.053.409 | 0,82 |
| **А** | **Вкупно од закупнина** | **87.921.525** | **68,09** |
| 5 | Останати | 7.903.163 | 6,12 |
| 6 | Наплатено пенали,премии исл. | 211.286 | 0,16 |
| 7 | Останати неспомнати деловни приходи | 1.685.620 | 1,31 |
| **Б** | **Вкупно други приходи** | **9.800.069** | **7,59** |
| 8 | Приходи од камата | 1.636.064 | 1,27 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 1.626.198 | 1,26 |
| **В** | **Вкупно финансиски приходи** | **3.265.262** | **2,53** |
| **Г** | **Одложен приход Државен ДП** | **28.136.744** | **21,79** |
| | **Вкупно А + Б + В+Г** | **129.123.600** | **100,00** |

**2. Трошоци на работењето**

Вкупните трошоци за стопанисувањето со деловните простории како и трошоците за извршувањето на функцијата , се прикажуваат во следниот преглед:

| Р. бр. | Вид на трошок | Остварено во 2014 | %на учество во вк.приход |
|---|---|---|---|
| 1 | Потрошен канцелариски и друг материјал | 390.538 | 0,31 |
| 2 | Птошени енергерг.горива | 2.862.981 | 2,26 |
| 3 | ПТТ и транспорт. услуги | 1.206.662 | 0,95 |
| 4 | Отпис на ситен инвентар | 0 | 0,00 |
| 5 | Услуги за одрж. опрема и хигиена<br>Трошоци за тековно и инвес.ДП | 846.144<br>2.456.764 | 0,67<br>1,94 |
| 6 | Останати материјални трошоци | 407.930 | 0,32 |
| **А** | **Вкупно од 1 до 6** | **8.171.019** | **6,45** |
| 7 | Амортизација на објекти и опрема | 33.147.820 | 26,14 |
| 8 | Исправка на побарувањата | 7.576.389 | 5,97 |
| **Б** | **Вкупно од 7 до 8** | **40.724.659** | **32,11** |
| 9 | Трошоци за превоз | 387.848 | 0,31 |
| 10 | Други надоместоци на трошоци | 1.120.949 | 0,88 |
| 11 | Репрезентација | 76.427 | 0,06 |
| 12 | Трошоци за осигурување | 390.236 | 0,31 |
| 13 | Други даноци придонеси | 654.125 | 0,51 |
| 14 | Провизија на банкарски услуги | 541.247 | 0,43 |
| 15 | Други нематеријални трошоци | 5.060.541 | 3,99 |
| 16 | Останати трошоци | 18.502.597 | 14,59 |
| 17 | Камати | 7.448.789 | 5,87 |
| **В** | **Вкупно од 9 до 17** | **34.182.759** | **26,95** |
| 18 | Нето плати | 29.464.043 | 23,23 |
| 19 | Данок и придонеси од плата | 14.284.836 | 11,26 |
| **Г** | **Вкупно од 18 до 19** | **43.748.879** | **34,49** |
| | **ВКУПНО ТРОШОЦИ А+Б+В+Г** | **126.827.316** | **100,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 129.123.598 | 125.829.902 |
| 2 | ВКУПНО ТРОШОЦИ | 126.827.316 | 121.526.126 |
| 3 | ОСТВ.БРУТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | **2.296.282** | **4.303.766** |
| 4 | ДАНОК НА ДОБИВКА | **2.436.485** | **987.808** |
| 5 | ДОБИВКА/ЗАГУБА ПО ОДДАН.. | **-140,203** | **3.405.958** |

**КАДРОВСКА СТРУКТУРА НА АД ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР**

Во Друштвото во почетокот на 2014 година, во редовен работен однос беа вработени 89 лица а на 31.12.2104 год бројот на вработените е намален и истиот изнесува 80 лица.

Квалификационата структура на вработените во Друштвото на 31.12.2014 година е прикажан во следната табела

**Табела со квалификациона структура**

| стручна спрема | Скопје | Битола | Куманово | Прилеп | Струмица | Кичево | Штип | Кавадарци | Велес | Охрид | Тетово | Кочани | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М-р | | | | | | | | | | | | | 0 |
| ВСС | 9 | 1 | 1 | 3 | 2 | 3 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 22 |
| ВШС | 1 | 0 | 0 | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 6 |
| **ССС (IV степен)** | 27 | 2 | 0 | 2 | 2 | 3 | 3 | 3 | 2 | 1 | 2 | 1 | 48 |
| ВКВ | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **ССС (III степен) - КВ** | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| НК | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| вкупно: | 42 | 3 | 1 | 6 | 6 | 6 | 6 | 4 | 2 | 3 | 2 | 1 | 80 |

**Одбор на Директори**
**Претседавач**
**Исљам Ибраими**

**Изготвил:**
**И.Поповска**
**К. Ѓоргов**

**Бр.**
**24.02.2014 год.**
**С к о п ј е**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА**

| | 31.12.2014 | 31.12.2013. |
|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | |
| Нетековни средства | | |
| - Материјални средства – нето | 654.980.374 | 681.411.162 |
| - Вложување во недвижности | 132.720.029 | 136.383.983 |
| - Финансиски вложувања | 893.107.282 | 893.107.283 |
| **Вкупно долгорочни средства** | **1.680.807.685** | **1.710.902.428** |
| Тековни средства | | |
| - Залихи | 0 | 254.232 |
| - Побарувања од купувачи | 23.037.763 | 26.353.948 |
| и краткорочни побарувања | 307.179.134 | 281.055.162 |
| - Пари и парични средства | 36.852.934 | 89.268.593 |
| - АВР | 8.039.679 | 3.055 |
| **Вкупно обртни средства** | **327.467.915** | **396.934.990** |
| **ВКУПНИ СРЕДСТВА** | **2.055.917.195** | **2.107.837.418** |
| **Б КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | |
| - Запишан капитал | 1.072.098.858 | 1.072.098.858 |
| - Законски резерви | 1.187.123 | 1.187.123 |
| - Акумулирана добивка | 81.871.525 | 105.858.365 |
| - Добивка од тековна година | 0 | 3.405.958 |
| - Загуба од тековна година | 140.203 | |
| **Вкупно капитал и резерви** | **1.155.017.303** | **1.182.550.304** |
| **ОБВРСКИ** | | |
| - Краткорочни обврски добавувачи | 656.953 | 1.628.925 |
| - Други краткорочни обврски | 250.645.423 | 246.311.990 |
| - Резерв. за обврски и трошоци ПВР | 121.363 | 2.138.029 |
| - Одложен приход од Државна поддршка | 649.476.153 | 675.208.170 |
| **Вкупно обврски** | **900.899.892** | **925.287.114** |
| **ВКУПНО КАПИТАЛ ,РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **2.055.917.195** | **2.107.837.418** |

## БИЛАНС НА УСПЕХ

| ( во денари) | 31.12.2014 | 31.12.2013 |
|---|---|---|
| - Приходи од продажба | 83.097.384 | 90.062.619 |
| - Трошоци од продажба | 16.402.392 | 15.145.685 |
| **Бруто добивка од продажба** | **66.694.992** | **74.916.934** |
| - Останати деловни приходи | 12.938.587 | 6.080.187 |
| - Оддложен приход од држ.ДП | 29.822.364 | 28.065.294 |
| - Администрација | 43.748.879 | 48.317.655 |
| - Амортизација | 33.147.820 | 32.997.095 |
| - Вредн.усогл.на кратк.средства | 7.576.839 | 12.972.724 |
| - Останати трошоци на работење | 25.951.386 | 12.092.977 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **-968.981** | **2.681.964** |
| - Приходи од учество во влож. | 1.629.198 | 760.260 |
| - Прих/рас.од камата и курсни раз. | 1.636.065 | 861.542 |
| - **Доб од редовно раб. пред оданоч.** | **2.296.282** | **4.303.766** |
| - Данок од добивка | 2.436.485 | 897.808 |
| **НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | | **3.405.958** |
| **НЕТО ЗАГУБА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ** | **140.203** | |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА

| Позиција | 31.12.2014 | 31.12.2013 | БЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|
| Добивка за деловната година<br>Нето загуба за деловната година | 140.203 | 3.405.958 | |
| Останата сеопфатна добивка | - | | |
| Курсни разлики од пресметка на вложување во странство | - | | |
| Добивка или загуба по основ на повторно вреднување на финансиски средства расположиви за продажба | - | | |
| Добивка или загуба по основ на ефективна заштита на паричниот тек | - | | |
| Промена на ревалоризационите резерви на долгорочните средства | - | | |
| Добивка или загуба по основ на ефективна заштита на нето вложување во странство | - | | |
| Удел во останата сеопфатна добивка на придружени претпријатија | - | | |
| Актуарски добивки (загуби) од пензиски планови на дефинирани користи | - | | |
| Данок на добивка кој се однесува на компонентите на останата сеопфатна добивка | - | | |
| Нето останата сеопфатна добивка за годината | | 3.405.958 | |
| Вкупна сеопфатна загуба за годината | 140.203 | | |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНА НА КАПИТАЛОТ ЗА ГОДИНАТА ШТО ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2014 ГОДИНА

| Позиција | Состојба 31.12.2013 | Зголемувања | Намалување | Состојба 31.12.2014 |
|---|---|---|---|---|
| Запишан к-л | 1.072.098.858 | | | 1.072.098.858 |
| Пренес.добивка<br>----------<br>Доб.од дел. Год<br>----------<br>Заг.од дел. год | 105.858.365<br>----------<br>3.405.958<br>---------- | 3.405.958<br>----------<br><br>---------- | 27.392.798<br>----------<br>3.405.958<br>----------<br>140.203 | 81.871.525<br>----------<br>0<br>______<br>-140.203 |
| Закон.резерви | 1.187.123 | 0 | 0 | 1.187.123 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **1.182.550.304** | **3.405.958** | **30.938.959** | **1.155.017.303** |

**Пренесента добивка** во текот на 2014 година е корегирана со прекнижување од нераспределената добивка за 2013 година и исплатената дивиденда и данок од дивиденда за 2012 и 2013 година.

Кај **законските резерви** по годишната сметка нема промена, затоа што по извршеното одданочување , Друштвото оствари загуба во износ од 140.203 денари.

За **тековна**та година Друштвото прикажа **загуба** во износ од **140.203** денари како резултат на тоа што **остварената добивка од 2.296.282** денари

не го покри во целост **данокот на непризнати расходи**, кој за 2014 година изнесува **2.436.485** денари.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ

| | | 31.12.2014 | 31.12.2013 |
|---|---|---|---|
| ***1*** | ***Парични текови од деловни активности*** | | |
| | Добивка по оданочување<br>Загуба по одданочување | <br>-140.203 | 3.405.958 |
| | Усогласување за амортизација | 5.011.076 | 4.931.801 |
| | Намалување/зголемување на побарувања од купувачи и други побарувања | -20.252.960 | -16.701.653 |
| | Намалување/зголемување на залихите | 0 | 0 |
| | Зголемување/намалување на обврски кон добавувачи и други тековни и нетековни обврски | - 971.972 | -1.701.481 |
| | Вкупно усогласувања на побарувања | 7.576.839 | 12.972.724 |
| | ***Нето парични средства од деловни активности*** | **-31.728.700** | **2.907.349** |
| ***2*** | ***Парични текови од инвестициони активности*** | | |
| | Набавка на основни средства | 686.960 | 4.114.172 |
| | Продажба на основни средства | | |
| | Аванси за основни и материјални средства | | |
| | ***Нето парични средства користени за инвестициони активности*** | **686.960** | **4.114.172** |
| ***3*** | ***Парични текови од финансиски активности*** | | |
| | (Отплата) / прилив на обврски од/по кредити | -20.000.000 | |
| | (Одлив) / прилив на дадени долгорочни кредити | | |
| | ***Нето парични средства користени за финансиски активности*** | **-20.000.000** | |
| | Нето зголемување/намалување на парични средства и еквиваленти на парични средства | -52.415.660 | -1.206.823 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *Парични средства и еквиваленти на парични средства на почеток на годината* | 89.268.594 | 90.475.417 |
| | ***Парични средства и еквиваленти на парични средства на крајот на годината*** | **36.852.934** | **89.268.594** |

## ДЕЛОВНА АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2014 ГОДИНА И ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Со анализата на финансиските извештаи се утврдува финансиската и економската состојба на Друштвото. За анализата се користени индикатори добиени од финансиските извештаи: биланс на состојба, биланс на успех, извештај на готовински текови, извештај за промени на капиталот и консолидираниот биланс на состојба.
При подготовката на консолидираните финансиски извештаи, финансиските извештаи на Друштвото и подружниците, се составуваат ставка по ставка, се собираат ставките на средства, обврски, главнина, приходи и расходи согласно меѓународниот сметководствен стандард 27. Салдата во рамките на Друштвото и трансакциите во рамките на подружниците во финансиските извештаи, се целосно елиминирани, односно заради веродостојно финансиско известување изземени се ставките на кои се евидентирани односите помеѓу подружниците и и Дирекцијата на Друштвото.

Во извештајниот период, Друштвото реализира деловни активности за тековно и инвестиционо одржување на објектите во висина од 2.456.764 денари, како и набавки на опрема во износ од 686.960 денари

## *АНАЛИЗА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ЗА 2014 ГОДИНА*

Извештајот за парични текови ги прикажува изворите кои на Друштвото му обезбедуваат готовина (парични приливи) и употреба на таа готовина од негова страна (парични одливи). Информациите за паричните (готовинските) текови на претпријатието им користат на корисниците на финансиските извештаи како основа за вршење на проценки на можностите на Друштвото да остварува парични средства и парични еквиваленти, како и за согледување на начинот на кој се користат (се управува со) паричните средства - текови. Извештајот за парични текови дава важни информации за квалитетот на добивката и финансиската способност на претпријатието, како и за структурата на финансиските средства, поточно дали ликвидноста се темели врз сопствени или туѓи извори на средства. Тој е значаен, како за тековното одлучување, така и за планирање и контрола на идните деловни активности.

Друштвото покажува намалување на нето готовински текови во износ од 52.415.660 денари, што значи дека вкупните парични текови се негативни, бидејќи во извештајниот период се исплатени повеке пари отколку што се уплатени (задржани средства по извршни решенија како солидарни должници со АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката).

Готовински тек од инвестициони активности е реализиран во делот за набавка на комјутерска опрема, и метални каси за потребите на работењето на Друштвото .

Промени кај материјалните средства произлегуваат од нивното зголемување (набавка на компјутери, 2 метални каси) што резултира со одлив на парични средства за инвестициони активности во висина од 686.960 денари.

Останатите промрни на материјалните средства- расход на неупотребливи компјутери и опрема која не беше за употреба, представуваат намалување од непарични трансакции кои не делуваат на готовинските текови.
.

Преглед на промени кај материјалните средства

| ОПИС | Набавна вред. | – испр. на вредн. | = Сегашна вредн. |
|---|---|---|---|
| Деловен простор | 0 | 0 | 0 |
| Намалув.-основ.средс. | 237.308 - | 237.308 = | 0 |
| Зголемување-основ.с-тва | 582.169 - | 0 = | 582.169 |
| **Вкупно** | 344.861 + | 237.308 = | 582.169 |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА 2014 ГОДИНА

Стопанисувањето во 2014 година на Друштвото се одвиваше во услови на усвоени програмски задачи, како што се: Програмата за стопанисување деловните простории, План за финансиското работење , Планот за јавни набавки .

При искажување на состојбата во Друштвото во 2014 година, се користени податоците од 12,-те Работни Единици и Дирекцијата, вклучувајќи ги и соодветните пописни листи.

Извештајот ја опфаќа состојбата на:

- стопанисување со деловни простории

- финансиски показатели
- утврдување на добивката

## I . СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВНИ ЕДИНИЦИ

Бројот на деловните единици и нивната површина искажан според податоците од Работните единици, се искажуваат во Табелата што следува:

**Конто 011 Деловен простор на стопанисување**

| состојба 31.12.2014 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Работна единица** | **Вкуп.** | **Вкупно м2** | **Набавна вредност** | **Испр. на вредност** | **Сегашна вредност** |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| Скопје | 222 | 20.307,49 | 362.989.493 | 114.128.979 | 248.860.514 |
| Битола | 256 | 9.270,00 | 98.010.544 | 59.232.701 | 38.777.844 |
| Куманово | 104 | 4,050.12 | 64.311.335 | 32.027.434 | 32.283.901 |
| Прилеп | 52 | 5.548,51 | 118.231.734 | 38.736.354 | 79.495.096 |
| Струмица | 56 | 3.761,00 | 28.225.463 | 13.399.664 | 14.825.799 |
| Кичево | 60 | 2.514,96 | 118.302.816 | 64.490.000 | 53.812.816 |
| Штип | 90 | 5.649,78 | 42.254.419 | 28.746.066 | 13.508.353 |
| Кавадарци | 57 | 1.753,48 | 69.040.313 | 29.711.495 | 39.328.818 |
| Велес | 62 | 2.253,00 | 31.052.205 | 19.979.686 | 11.072.519 |
| Охрид | 96 | 5.403,63 | 111.564.525 | 52.208.574 | 59.355.951 |
| Тетово | 52 | 2.196.32 | 65.063.208 | 23.687.327 | 41.375.881 |
| Кочани | 42 | 1.440,88 | 11.472.323 | 5.036.762 | 6.435.561 |

| Вкупно | 1.149 | 64.150,17 | 1.120.518.094 | 481.385.042 | 639.133.052 |
|---|---|---|---|---|---|

За вкупниот број на деловни простории 1.149 со површина 64.150,17 м2 со набавна вредност изнесува 1.120.518.094 денари, исправката на вредност изнесува 481.395.042денари и сегашната вредност е 639.133.052 денари.

## ТАБЕЛА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР к-то 021

| **Работна Единица** | **Сметководствена состојба 31.12.2014** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно** | **Вкупно м2** | **Набавна вредност** | **Испр. на вредност** | **Сегашна вредност** |
| ***1*** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| Скопје | 95 | 2.158,75 | 45.378.772 | 4.065.840 | 41.312.932 |
| Битола | 21 | 1.160,70 | 32.669.994 | 3.439.097 | 29.230.896 |
| Прилеп | 27 | 972,26 | 27.033.319 | 2.421.733 | 24.611.586 |
| Струмица. | 15 | 535,00 | 11.445.753 | 1.025.349 | 10.420.404 |
| Кичево | 9 | 286,58 | 9.984.240 | 894.445 | 9.089.795 |
| Штип | 12 | 244,00 | 3.982.038 | 356.725 | 6.625.313 |
| Кавадарци | 9 | 254,00 | 11.076.267 | 992.194 | 10.840.073 |
| Охрид | 8 | 169,39 | 4.778.385 | 428.054 | 4.350.331 |
| **Вкупно** | **196** | **5.780,68** | **146.348.768** | **13.623.437** | **132.725.330** |

Вкупната набавна вредност на недвижностите - деловен простор и подруми изнесува 146.348.768 денари, исправката на вредноста е 13.623.437 денари, а сегашната сметководствена вредност е 132.725.330 денари.

**ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ**

## 1. Приходи од продажба на учиноци

Приходите од продажбата на учиноци по видови во извештајниот период се прикажуваат во следниот преглед:

(денари)

| Р. бр. | Вид на приход | Остварено 2014 | Остварено 2013 |
|---|---|---|---|
| 1 | Фактурир.закупнина | 81.628.560 | 89.905.246 |
| 2 | Однапред платена закупнина | 309.364 | 157.373 |
| 3. | Наплатени отпишани побар. | 4.930.192 | 4.271.942 |
| 4. | Наплатено по спогодби | 1.053.409 | 1.314.454 |
| **А** | **Вкупно од закупнина** | **87.921.525** | **95.649.015** |
| 5 | Останати | 7.903.163 | 7.703 |
| 6 | Наплатено пенали,премии исл. | 211.286 | 154.655 |
| 7 | Останати неспомнати деловни приходи | 1.685.620 | 286.494 |
| **Б** | **Вкупно други приходи** | **9.800.069** | **1.763.306** |
| 8 | Приходи од камата | 1.636.064 | 906.481 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 1.626.198 | 760.260 |
| **В** | **Вкупно финансиски приходи** | **3.265.262** | **1.666.741** |
| **Г** | **Одложен приход Државен ДП** | | **28.065.294** |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно А + Б + В+Г** | **28.136.744**<br>**129.123.600** | **125.829.902** |

**2. Трошоци на работењето**

Вкупните трошоци за стопанисувањето со деловните простории како и трошоците за извршувањето на функцијата , се прикажуваат во следниот преглед:

| Р. бр . | Вид на трошок | Остварено во 2014 | Остварено 2013 | |
|---|---|---|---|---|
| Матријални трошоци | | | | |
| 1 | Потрошен канцелариски и друг материјал | 390.538 | 267.364 | |
| 2 | Птошени енергерг.горива | 2.862.981 | 4.365.183 | |
| 3 | ПТТ и транспорт. услуги | 1.206.662 | 1.054.051 | |
| 4 | Отпис на ситен инвентар | 0 | 2.699 | |
| 5 | Услуги за одрж. опрема и хигиена<br>Трошоци за тековно и инвес.ДП | 846.144<br>2.456.764 | 1.730.469<br>7.221.767 | |
| 6 | Останати материјални трошоци | 407.930 | 503.972 | |
| | **А Вкупно од 1 до 6** | **8.171.019** | **15.145.685** | |
| 7 | Амортизација на објекти и опрема | 33.147.820 | 32.997.095 | |
| 8 | Исправка на побарувањата | 7.576.389 | 12.972.724 | |
| | **Б Вкупно од 7 до 8** | **40.724.659** | **45.969.819** | |
| | | | | |
| 9 | Трошоци за превоз | 387.848 | 462.234 | |
| 10 | Други надоместоци на трошоци | 1.120.949 | 1.106.426 | |
| 11 | Репрезентација | 76.427 | 143.226 | |
| 12 | Трошоци за осигурување | 390.236 | 380.555 | |
| 13 | Други даноци придонеси | 654.125 | 830.097 | |
| 14 | Провизија на банкарски услуги | 541.247 | 733.742 | |
| 15 | Други нематеријални трошоци | 5.060.541 | 9.082.779 | |
| 16 | Останати трошоци | 18.502.597 | 580.685 | |
| 17 | Камати | 7.448.789 | 46.325 | |
| **В** | **Вкупно од 9 до 17** | **34.182.759** | **13.366.069** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| 18 | Нето плати | 29.464.043 | 31.683.872 | |
| 19 | Данок и придонеси од плата | 14.284.836 | 15.360.691 | |
| **Г** | **Вкупно од 18 до 19** | **43.748.879** | **47.044.563** | |
| **ВКУПНО ТРОШОЦИ А+Б+В+Г** | | **126.827.316** | **121.526.136** | |

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ 2014 2013**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ВКУПНО ПРИХОДИ | 129.123.598 | 125.829.902 |
| 2 | ВКУПНО ТРОШОЦИ | 126.827.316 | 121.526.126 |
| | ОСТВ.БРУТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | **2.296.282** | **4.303.766** |
| 3 | ДАНОК НА ДОБИВКА | **2.436.485** | **987.808** |
| 4 | ДОБИВКА/ЗАГУБА ПО ОДДАНОЧ. | **-140,203** | **3.405.958** |

## 3. Приходи и расходи по Работни единици

Преглед на вкупните приходи и расходи по Подружници

| ***Р.б*** | ***Подружница*** | ***Расходи*** | ***Приходи*** | ***Добивка/Загуба*** |
|---|---|---|---|---|
| ***1*** | ***2*** | ***3*** | ***4*** | ***5 (4-3)*** |
| 1 | Скопје | 58.375.541 | 50.974.395 | -7.401.146 |
| 2 | Битола | 26.073.258 | 13.564.797 | -12.508.461 |
| 3 | Куманово | 3.552.093 | 6.520.325 | 2.968.232 |
| 4 | Прилеп | 7.377.013 | 12.067.549 | 4.690.536 |
| 5 | Струмица | 3.858.825 | 4.024.506 | 165.681 |
| 6 | Кичево | 7.202.563 | 7.371.024 | 168.461 |
| 7 | Штип | 5.001.528 | 4.363.459 | -638.069 |
| 8 | Кавадарци | 4.024.498 | 3.337.296 | -687.202 |
| 9 | Велес | 2.227.548 | 7.961.860 | 5.734.312 |
| 10 | Охрид | 10.870.410 | 5.698.737 | 5.171.673 |
| 11 | Тетово | 2.609.046 | 6.989.445 | 4.380.399 |
| 12 | Кочани | 1.078.532 | 826.664 | 251.868 |
| | **ВКУПНО** | **126.827.316** | **129.123.598** | **2.296.282** |

Од прегледот на вкупните приходи и расходи по Работни единици може да се констатира дека Работните единици: Скопје, Битола, Штип и Кавадарци остварените приходи во 2014 година не ги покриваат трошоците на работењето.Загубата бо Битола е резултат на наплатено Судско Решение, како солидарни должници за станбена зграда во владение на АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење на Републиката во износ од 19.500.000. Дел од загубата во Скопје исто така е поради наплатени судски предмети останати од ЈПССДП РМ

## Заклучоци

Со оглед на фактот дека отпочна продажбата на деловниот простор со кој стопанисуваме, неизвесна е реализацијата на Планот за тековно и инвестиционо одржување, како и Финансовиот план за 2015 година.

Предлагаме неиздадениот а непродаден деловен простор по завршените огласи, за кои постои интерес , да се издава под закуп со распишување на огласи .

Да се обрне посебно внимание на трошоците кои имаат значајно учество во вкупните трошоци, односно контрола врз материјалните и нематеријалните трошоци.

Зголемена контрола над наплатата на побарувањата и раскинување на договорите за закуп на оние закупци кои се опоменати и тужени , а и понатака не плаќаат.

Зголемена контрола над Извршувањето на договорите дадени кај Извршител и реализација на регресните тужби за неосновано наплатени извршни решенија .

Реализацијата на горните заклучоци да се изврши, преку редовно следење на извршувањето на програмите , преку месечните извештаи изготвени врз основа на објективните податоци утврдени со сметководствената евиденција.

Генерален директор

Дипл.екон.Илинка Поповска — Дипл.соц.Шеваљ Цеку

**АД ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ**

# ОБЈАСНУВАЊА И БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

## 1. Општи податоци за друштвото

Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје, својата дејност во својство на правно лице ја отпочна од 04.Јуни 2011 година.

Седиштето на претпријатието е на ул. Стале Попов бр. 9 во Скопје.

Правната основа за воспоставување и функционирање на друштвото е врз основа на Законот за трансформација на Јавното претпријатие за стопаниаување со станбен и деловен продстор на РМ ( Сл. Весник на РМ бр. 105/09) и Законот за трговски друштва.

Со планот за поделба на ЈПССДП на РМ и делбениот биланс врз основа на кој АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост е запишано во Централниот регистар на РМ , друштвото ги превзеде правата, обврските, опремата и вработените и ја отпочна својата работа.

Дејноста на Друштвото е стопанисување со деловниот простор во државна сопственост , а особено следните работи **:**

- Инвестиционо и тековно одржување на деловниот простор
- Утврдување на висината на закупот, односно на склучување на Договори за закуп на деловен простор
- Водење единствена евиденција на деловниот простор со кој стопанисува

Во остварувањето на работите од дејноста Друштвото ги врши работите утврдени во годишната програма за тековно инвестиционо одржување на деловниот простор во државна сопственост .

За внатрешната организација на Друштвото одлучува Одборот на Директори. Заради вршење на работите од дејноста во Друштвото се организира :

- Дирекција и Работни Единици организирани во 2 Регионални центри и тоа во Скопје и Кичево

Друштвото своето работење го врши преку сектори и други организациони делови во подружниците чие седиште се определува со оштиот акт за организација и систематизација на Друштвото
Друштвото работите од својот делокруг ги врши како единствена организационо – правна целина, а заради обезбедување на потребната

координација во остварувањето на работите во дејностите на ниво на Друштво како целина, се организираат стручни служби во секторите .

Органи на Друштвото се Одборот на Директори и Директорот на Друштвото

## 2. Основа за изготвување финансиски извештаи

Друштвото финансиските извештаи ги изготвува врз основа на Законските прописи и сметководствените стандарди, кои се применуваат во Република Македонија
.

Овие финансиски извештаи ги прикажуваат средствата, обврските и капиталот кои се однесуваат за работењето на Друштвото.

Ставките се прикажани врз основа на методот на набавна вредност. Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Друштвото ќе продолжи да работи во иднина.

Менаџментот конзистентно ги применува сметководствените политики.

Финансиските изврштаи се изготвени за периодот 31.01.2014 – 31.12.2014 година.

## 3. Значајни сметководствени политики

### *3.1. Нематеријални средства*

Нематеријалните средства се признаваат според набавната вредност во Билансот на состојба, само доколку е веројатно дека идните економски користи, ќе бидат прилив кон Друштвото и трошоците на средствата можат веродостојно да се измерат. Амортизацијата на нематеријалните средства, се алоцира за време на најдобро проценетиот век на употреба.

### *3.2. Материјални средства*

Градежните објекти и опремата се вреднуваат според набавната вредност, намалени за акумулираната амортизација и загуба заради обезвреднување.

Издатоците направени за замена на дел од материјалното средство, се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи, ( ако преставуваат прилив на Друштвото). Сите

други издатоци, се признаваат како трошок во Билансот на успех, во моментот на настанувањето.

Амортизацијата се пресметува по пропорционална метода, со примена на стапки определени со сметководствената политика на Друштвото.

Средствата се амортизираат од моментот кога се даваат на користење.

### *3.3. Побарувања од купувачите*

Побарувањата од купувачите, се водат според номиналната вредност, намалена за исправката на вредноста на побарувањата кои се сметаат за ненаплатливи.

### *3.4. Залихи*

Залихите, Друштвото ги вреднува по набавна цена, односно цена на чинење на готовите производи, но не повисока од нето реализационата вреност.

### *3.5. Пари и парични еквиваленти*

Пари вклучуваат готовина во благајна и депозити во банки по видување.

Парични еквиваленти вклучуваат краткорочни високоликвидни средства, кои можат брзо да се конвертираат во готовина, без некаков значаен ризик од промена на вредноста.

### *3.6. Обврски спрема добавувачите*

Обврските спрема добавувачите се евидентираат според номиналната вредност.

Обврските за даноци се пресметуваат и плаќаат, согласно законските прописи на РМ. Данокот на добивка, се пресметува по пропишаната стапка на добивка на: – непризнати ставки на расходи, корегирани за даночни олеснувања и олеснувања согласно Законот за данок на добивка.

### *3.7. Странски валути*

Искажувањето на трансакциските, искажани во странски валути, се врши според девизниот курс, на денот на трансакцијата. Средствата и обврските изразени во странска валута, се искажуваат во денари, по среден курс на НБМ, на последниот ден на пресметковниот период.

Сите добивки или загуби, кои произлегуваат од курсните разлики, опфатени се во Билансот на успехот, како приходи или расходи од финансирањето за пресметковниот период.

### *3.8. Приходи од продажба на производи и услуги*

Приходите од продажба на производи и услуги, се признаваат кога, значителни ризици и користи од сопственоста се пренесени на купувачот, износот на приходот може веродостојно да се измери, трошоците кои се направени во врска со трансакцијата може веродостојно да се измерат, веројатно е дека економските користи поврзани со трансакцијата, ќе преставуваат прилив за Друштвото.

### *3.9 Приходи од камати и дивиденди*

Приходите од камати се признаваат во Билансот на успех, за перидот за кој се однесуваат, така што се зема предвид фактичкиот принос на средствата.

Дивидендите се признаваат, кога ќе биде утврдено правото на акционерот да го прими плаќањето.

## 4. Приходи од работењето

### *4.1 Приходи од продажба на услуги*

Приходите од продажба на услуги, ги опфаќа, приходите од фактурираната закупнина во извештајниот период.

### *4.2 Останати оперативни приходи*

**Останатите оперативни приходи, ги опфаќаат приходите од:**

- наплатени отпишани побарувања, приходи од продажба, на постојани средства;
- приходи од поранешни години;
- приходи од наплатени премии за надомест на штети,
- камати и курсни разлики;

Приходите за периодот од 01.01.2014 година до 31.12.2014година се прикажани во следната табела по видови.

**Приходи од работењето**

| Р. бр. | Вид на приход | Остварено 2014 | %на учество во вк.приход |
|---|---|---|---|
| 1 | Фактурир.закупнина | 81.628.560 | 63,22 |
| 2 | Однапред платена закупнина | 309.364 | 0,24 |
| 3. | Наплатени отпишани побар. | 4.930.192 | 3,81 |
| 4. | Наплатено по спогодби | 1.053.409 | 0,82 |
| **А** | **Вкупно од закупнина** | **87.921.525** | **68,09** |
| 5 | Останати | 7.903.163 | 6,12 |
| 6 | Наплатено пенали,премии исл. | 211.286 | 0,16 |
| 7 | Останати неспомнати деловни приходи | 1.685.620 | 1,31 |
| **Б** | **Вкупно други приходи** | **9.800.069** | **7,59** |
| 8 | Приходи од камата | 1.636.064 | 1,27 |
| 9 | Приходи од дивиденда | 1.626.198 | 1,26 |
| **В** | **Вкупно финансиски приходи** | **3.265.262** | **2,53** |
| **Г** | **Одложен приход Државен ДП** | **28.136.744** | **21,79** |
| | **Вкупно А + Б + В+Г** | **129.123.600** | **100,00** |

# 5 Трошоци од работењето

### *5.1 Материјални трошоци*

Материјалните трошоци ги опфаќаат, трошоците за потрошени канцелариски материјали, средства за хигиена, трошоци за тековно и инвестиционо одржување, како и други услуги.

### *5.2 Трошоци на вработените*

Трошоците на вработените ги опфаќаат, нето платите и надоместоците на вработените, како и даноците и придонесите за здравствено и пензиско осигурување.

### *5.3 Други оперативни трошоци*

Други оперативни трошоци се состојат од:

- трошоци за службени патувања ;
- трошоци за репрезенатација ;
- адвокатски услуги;
- судски такси;
- интелектуални услуги;
- останати трошоци на работењето;

### *5.4 Амортизација*

Амортизацијата ја прикажува исправката на вредноста на деловните простории и опремата, согласно пропишаните стапки и сметководствени политики.

### *5.5 Вредносно усогласување на побарувањата*

Вредносното усогласување на побарувањата ги прикажуваат, исправките на побарувањата за кои е веројатно дека нема да генерираат прилив на средства, односно е неизвесна наплатливоста на износот, кој е веќе вклучен во приходот. Се признава како расход во периодот, а не како корекција на приходот.

Трошоци и расходи од 01.01.2014 – 31.12.2014, се прикажани во следната табела по видови:

**Трошоци на работењето**

| Р. бр. | Вид на трошок | Остварено во 2014 | %на учество во вк.приход |
|---|---|---|---|
| 1 | Потрошен канцелариски и друг материјал | 390.538 | 0,31 |
| 2 | Птошени енергерг.горива | 2.862.981 | 2,26 |
| 3 | ПТТ и транспорт. услуги | 1.206.662 | 0,95 |
| 4 | Отпис на ситен инвентар | 0 | 0,00 |
| 5 | Услуги за одрж. опрема и хигиена<br>Трошоци за тековно и инвес.ДП | 846.144<br>2.456.764 | 0,67<br>1,94 |
| 6 | Останати материјални трошоци | 407.930 | 0,32 |
| | **А Вкупно од 1 до 6** | **8.171.019** | **6,45** |
| 7 | Амортизација на објекти и опрема | 33.147.820 | 26,14 |
| 8 | Исправка на побарувањата | 7.576.389 | 5,97 |
| | **Б Вкупно од 7 до 8** | **40.724.659** | **32,11** |
| 9 | Трошоци за превоз | 387.848 | 0,31 |
| 10 | Други надоместоци на трошоци | 1.120.949 | 0,88 |
| 11 | Репрезентација | 76.427 | 0,06 |
| 12 | Трошоци за осигурување | 390.236 | 0,31 |
| 13 | Други даноци придонеси | 654.125 | 0,51 |
| 14 | Провизија на банкарски услуги | 541.247 | 0,43 |
| 15 | Други нематеријални трошоци | 5.060.541 | 3,99 |
| 16 | Останати трошоци | 18.502.597 | 14,59 |
| 17 | Камати | 7.448.789 | 5,87 |
| | **В Вкупно од 9 до 17** | **34.182.759** | **26,95** |
| 18 | Нето плати | 29.464.043 | 23,23 |
| 19 | Данок и придонеси од плата | 14.284.836 | 11,26 |
| | **Г Вкупно од 18 до 19** | **43.748.879** | **34,49** |
| | **ВКУПНО ТРОШОЦИ А+Б+В+Г** | **126.827.316** | **100,00** |

## 6. Долгорочни финансиски вложувања

Долгорочните финансиски вложувања се во износ од 893.107.282 денари и тоа:

- Вложувања во ГТЦ - Скопје нето износ 888.913.589 денари
- Вложувања во СОВРЕМЕН ДОМ ПРИЛЕП 2.781,174 денари
- Вложувања во Берлин комп. и ГолдПрилеп 1.412.519 денари

## 7. Залихи

Залихите преставуваат канцелариски материјали и други материјали во склад, како и ситен инвентар во употреба.

## 8. Побарувања од купувачите

Побарувањата од купувачите и другите краткорочни побарувања, се состојат од следните состојби:

| **Табела – 1** | |
|---|---|
| – Побарувања од купувачи | 285.412.806 |
| – Исправка на вредноста на поварувањата | -262.375.043 |
| – Останари побарувања (спогодби и друго) | 47.641.595 |
| – Исправка на вредноста на останати побарувања | -4.509.675 |
| – Побарувања од вработените | 130.799 |
| – Останати побарувања од државни институции | 0 |
| – Побарувања од поврзани субјекти | 32.638.764 |
| **Вкупно** | **98.939.246** |

## 9. Парични средства

Паричните средства се состојат од

| **Табела - 2** | |
|---|---|
| – Парични средства на денарска сметка | 35.517.468 |
| – Парични средства на благајна | 8.729 |
| – Други парични еквиваленти (банкарски гаранции) | 1.326.737 |
| **Вкупно** | **36.852.934** |

## 10. Капитал и  резерви

∗ АД за стопанисување со деловен простор  на 31.12.2014 год, располага со вкупен капитал од   1.155.017.304. денари

∗∗ Законската  резерва  се формира со  издвојување на 5%  од  остварената добивка, согласно законските прописи и таа на 31.12. 2014 година износува 1.187.123 денари. За 2014 година поради загуба по оданочување нема издвоено средства за законска резерва.

∗∗∗ Загуба по оданочување по годишната сметка изнесува  140,203 денари

## 11. Краткорочни обврски спрема добавувачите и други краткорочни обврски

Краткорочните  обврски се состојат  од:

| **Табела – 3** | |
|---|---|
| – Обврскии спрема добавувачите | 656.953 |
| – Обврски за примени депозити и аванси | 19.034.706 |
| – Обврски кон вработените | 2.293.357 |
| – Останати краткорочни обврски | 24.790 |
| – Обврски за ДДВ и данок од добивка | 1.781.079 |
| – Обврски спрема поврзани субјекти | 0 |
| – Обврски за даноци и придонеси | 743.477 |
| **Краткорочни обврски Вкупно** | **24.534.362** |